A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Адреса: ул."Илинденска" бр.185 2305 Зрновци
тел: 033/353 105
e-mail: info@zrnovci.gov.mk
www.zrnovci.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 - 371/2
14. 07 2021 год.
ЗРНОВЦИ

Зрновци 14.07.2021 година

До
**Александар Димитриевски** ( барател на информација)

Предмет: **Одговор на прашања**

Почитувани!

Во врска со Ваше писмо од 13.07.2021 година, во кое поставувате прашања до општина Зрновци, општината Ви доставува одговори и тоа како што следи

- Градоначалникот на Општина Зрновци нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност.
- Бидејќи во општината нема донесено одлука за прогласување на финансиска нестабилност, истата за тоа го нема известено Советот на општината, Министерството за финансии , Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС,
- Финансиска нестабилност не е прогласена и покрај тоа што се исполнети законските услови, од причина што Општината е блокирана само за дел од камата и дел од процесни трошоци спрема АД Гранит- Скопје, а главниот долг истата го има измирено уште пред самата блокада , во далечната 2008 година. За да може општината, непречено да ги извршува своите тековни обврски, таа има обезбедено Решение од Основен суд Кочани , со број П пни број 2/2012 од 18.01.2012 година , со кое Решение на општината и е утврден лимит од 967.500 денари месечно, во кумулативен износ. Така општината го плаќа својот долг за КАМАТА , кој во 2008 година изнесуваше околу 9.000 .000 денари .
- Градоначалникот на Општина Зрновци, не е санкциониран согласно член 47 од законот за локална смаоуправа, од причина што ги нема прекршено законските одредби, неведени во самиот Закон.
- Со самото обезбедување на решението од Основниот суд – Кочани, во кој е утврден лимитот односно висината на парични средства со кои може да располага општината на месечно ниво, веќе е утврдено како општината ќе се раздолжува. Таа има право на трошење до утврдениот лимит, а се што ќе прибере над тој износ ,автоматски се одлива кај добавувачот од кој е блокирана.

- Веруваме дека до крајот на годинава, општината ќе успее да се деблокира целосно, ( ако не успее целосно, ќе остане мал дел ) , па со тоа се остава здрава состојба во општината пред локалните избори.
- Вкупнио буџетот на општината за 2021 година, изнесува 48.650.000 денари од кој на основниот буџет се однесуваат 20.000.000 денари. Во тек е предлог Ребаланс на буџетот за 2021 година, кој ќе биде ставен на дневен ред на седница на Совет на општината што ќе се одржи во втората половина од месец јули-2021 година, и со тој предлог ребаланс се утврдува вкупниот буџет да изнесува 54.124.000 денари, а основниот буџет се планира на 23.574.000 денари. До 30.06.2021 година, вкупните неплатени обврски на општината изнесуваат 3.824.012 денари, од кои 216.320 денари се тековни обврски до 30 дена ( не доспеани ), потоа 2.800.016 денари се обврски доспеани и неплатени, но не и утужени и 807.676 денари се доспеани, неплатени и утужени обврски. Сите овие обврски се соддржат во Извештајот К2 за период од 01.01-30.06.2021 година. Овој извештај е доставен до Министерството за финасии, со истиот , ќе биде информиран Советот на општината на седницата во месец јули, а потоа и ќе се објави на општинската веб страна .

Со почит,

Општина Зрновци
Градоначалник
Блаже Станков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ